# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација на високото образование
Бр. 1409-105/2
10.05.2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016, 127/16), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 8 седница одржана на 12.04.2018 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студискита програма Информатичка и мрежна безбедност, прииватност и заштита на податоци на англиски јазик втор циклус студии на Факултет за применети информатички технологии, машинска интелегенција и роботика при Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" во Охрид**

1. Се акредитира студиската програма **Информатичка и мрежна безбедност, прииватност и заштита на податоци на англиски јазик втор циклус студии на Факултет за применети информатички технологии, машинска интелегенција и роботика при Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" во Охрид** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 2 години (четири семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 120 ЕКТС и со звање:
**- Магистер на информатичка и мрежна безбедност, приватност и заштита на податоци**
Научно - истражувачко подрачје: Техничко технолошки науки.
Научно – истражувачко поле: Компјутерска техника и информатика.
Научно – истражувачко област: 21202, 21206 и друго.

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од **пет** (I и II циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2018/2019......

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
"СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ" ОХРИД

| Примено | 14.5.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 161/2 | | |

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

## Образложение

Врз основа на донесената одлука на Наставно-научниот совет на Факултет за применети информатички технологии, машинска интелегенција и роботика Охрид при Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид втор циклус студиските програми „Информатичка и мрежна безбедност, прииватност и заштита на податоци“ на англиски јазик, на 01.03.2018 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 6 седница, одржана на 15.05.2018 формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на позитивната оценка содржана и извештајот на стручната комисија, на својата 8 седница одржана на 12.04.2018 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-1144
29.06.2018 година
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
"СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ" ОХРИД

| Примено | 04.07.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 161/5 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 145 став 6 и член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Министерството за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиската програма на англиски јазик од втор циклус двегодишни студии по Информатичка и мрежна безбедност, приватност и заштита на податоци на Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелегенција и роботика при Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" во Охрид**

1.Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма на англиски јазик од втор циклус двегодишни студии по Информатичка и мрежна безбедност, приватност и заштита на податоци на Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелегенција и роботика при Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" во Охрид.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Универзитет „Св. Апостол Павле" во Охрид се обрати со барање бр. 03-161/3 од 15.05.2018 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-1144 од 18.05.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма на англиски јазик од втор циклус двегодишни студии по Информатичка и мрежна безбедност, приватност и заштита на податоци на Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелегенција и роботика при Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" во Охрид, единица во состав, по добиеното Решение за акредитација бр. 1409-105/2 од 10.05.2018 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1144 од 31.05.2018 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус студии наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 14.06.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1144 од 25.06.2018 година, каде е наведено дека за студиската програма на англиски јазик од втор циклус двегодишни студии по Информатичка и мрежна безбедност, приватност и заштита на податоци на Факултетот за применети информатички технологии, машинска интелегенција и роботика при Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" во Охрид, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**МИНИСТЕР**
**Dr. Arbër Ademi**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА СКОПЈЕ 3

изработил: Биљана Зафировска
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: Dr.Agim Rushiti